**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
## од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.3.2019 година

Скопје, март 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 19.3.2019 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Асаф Адеми, министер за култура и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 124-та седница на Владата, одржана на 5 март 2019 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

- Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје

2. Годишен извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли

4. Информација за санација на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, со Програма и Список

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-344/18 Долнени)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-242/18 Гостивар)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-208/18

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-206/18 Гостивар)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-207/18 Гостивар)

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-210/18 Гостивар)

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - објект кој се наоѓа на КП бр.1300/3 за КО Гостивар-1)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - која се наоѓа на КП бр.1300/1, КО Гостивар-1)

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-213/18 Гостивар)

14. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-212/18 Гостивар)

15. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-211/18 КО Гостивар)

**б) Економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка

17. Информација за реафирмирање на работата на Советот за земјоделство и рурален развој (Агросовет), со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој

18. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Република Италија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, за соработка во секторот на земјоделството, со Меморандум

19. Информација за постапување со отпадот кој се создава од органите на државната управа

20. Информација за настанатата штета заради неповолни климатски настани кои го зафатија Охридскиот и Струшкиот регион на 17.3.2018 година

21. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона „Штип", Друштво за производство „Адиент сеатинг" ДООЕЛ Штип (број 03-1709/1 од 9.8.2012 година)

**в) Политички систем**

22. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт-текст на Протокол

23. Информација за контрибуција на Република Северна Македонија во доверителните фондови на НАТО во рамки на Иницијативата за градење и зајакнување на

одбранбените и безбедносни капацитети (Defense and Related Security Capacity Building Initiative)

24. Информација за контрибуција на Република Северна Македонија во Доверителниот фонд на НАТО за поддршка на Авганистанската национална армија (АНА)

25. Информација за ангажирање на странски експерти за поддршка на македонскиот дел на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

26. Извештај за извршени преговори, со усогласен текст на Договорот за намалување на цената на услугите за роаминг во мрежите за јавни мобилни комуникации во регионот на Западен Балкан (18.3.2019 година)

27. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица „Идила Терзиева" ул. 18, бр. 30 - нас. Радишани - Скопје, со Предлог-одлука

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

28. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

29. Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2018 година

**б) Политички систем**

30. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „VIGOROUS WARRIOR 19", во Република Романија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

31. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" - Скопје

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Завод за нефрологија“ - Струга

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Северна Република Македонија**

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, поднесен од група пратеници

34. Предлог-закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, поднесен од група пратеници

35. Предлог-резолуција за промени и подобрување на положбата на Ромите во Република Северна Македонија, поднесена од група пратеници

36. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

37. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

38. Иницијатива поднесена од Снежана Геровска-Попчевска, судија во пензија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2014) во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2013), како и за оценување на уставноста и законитоста на член 9 став 1 алинеја 11 од Правилникот за овластување за овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2015)

39. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Ресен на КП бр.5709/1 викано место/улица Ѓупски Рид, доставена од нотар Мексуд Максуд од Ресен

40. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.96914 за КО Центар 1 на КП 5959, викано место/улица А.Staniќ, доставена од нотар Нерџиван Идризи од Скопје

**д) Други предлози**

41. Кадровски прашања

42. Прашања и предлози

В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

43. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври - декември 2018 година

44. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"-Скопје, за периодот октомври - декември 2018 година

45. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-Скопје за период октомври - декември 2018 година, со дополнувањата кон него

46. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули - декември 2018 година

47. Извештај за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период 1.7.2018-31.12.2018 година

48. Извештај за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2018 година

49. Информација за одржување на Втората седница на Мешовитиот комитет по билатералниот Договор за економска и индустриска соработка во примена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република

50. Информација за успешно спроведена постапка за стратегиската оценка на животната средина за Националната транспортна стратегија 2018-2030
51. Информација за напредокот и спроведување на Програмата за реформи на единиците на локална самоуправа во областа животна средина

52. Информација за преземени активности за деца на улица

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

**53.** Информација за набавка за продолжување на тековните услуги за одржување на Eurodomain Connection for TAP ID No. 333 (Testa-ng) и барањето за корекција на согласноста за склучување на повеќегодишен договор

**54.** Информација за можноста за барање за упатување на предметот X против Република Северна Македонија, А.бр.29683/16 до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права

*

*           *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 124-та седница на Владата, одржана на 5.3.2019 година.

*

*           *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Шестиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Новиот назив на АД Македонска информативна Агенција-Скопје, во државна сопственост (МИА) да гласи АД Медиумска информативна Агенција-Скопје, во државна сопственост (МИА).

2. Новиот назив на АД Електрани на Македонијар-ЕЛЕМ да гласи АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ).

3. Новиот назив на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост - Скопје да гласи АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата го разгледа Извештајот од Четвртиот состанок на Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да изготви измена на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ во однос на член 8 став (2), со цел усогласување со Законот за употреба на јазиците.

Исто така, ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“, до отпочнувањето со работа на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, нема да биде во можност освен законите, да ги објавува другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“, согласно Законот за употреба на јазиците.

2. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции на дописите кои се изготвуваат на македонски јазик и на неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо, на преведениот текст да стои потписот на преведувачот, а на оригиналниот текст да стои потписот на раководителот на органот кој го изработил.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2018 година го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за санација на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, со Програма и Список и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат директорите на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт во рок од 30 дена да одржат состанок и да направат разграничување на надлежностите и објектите.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 30 дена да направат пресек на упишување на имотот.

3. Се задолжуваат Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Агенцијата за катастар на недвижности по спроведувањето на заклучоците 1 и 2 до Владата да доставaт Информација со Акциски план.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-344/18 Долнени), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-242/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-208/18, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-206/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-207/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-210/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - објект кој се наоѓа на КП бр.1300/3 за КО Гостивар-1), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - која се наоѓа на КП бр.1300/1, КО Гостивар-1), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-213/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-212/18 Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-211/18 КО Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка и условно го утврди доколку по текстот на истиот Министерството за финансии достави позитивно мислење со следните заклучоци:

1. Алтернативата на член 19 да биде основно решение.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за реафирмирање на работата на Советот за земјоделство и рурален развој (Агросовет), со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на

Република Италија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, за соработка во секторот на земјоделството, со нов текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Република Италија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за соработка во областа на земјоделството.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Република Италија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за соработка во областа на земјоделството.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за постапување со отпадот кој се создава од органите на државната управа и ја усвои со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да спроведе постапка за доделување договор за групна јавна набавка за сите институции за избор на правно лице кое поседува соодветна дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, односно дозвола за складирање, третман и преработка на отпад, а која дозвола ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање, по завршување на изборниот процес.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија постапката за јавна набавка да ја спроведе во тековната фискална година.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за настанатата штета заради неповолни климатски настани кои го зафатија Охридскиот и Струшкиот регион на 17.3.2018 година и го усвои со следниве заклучоци:
1. Се препорачува на Општина Охрид да ги отстрани недостатоците во Елаборатот усвоен со Одлука од Советот на Општина Охрид со број 08-15203/4 од 30.10.2018 година и истиот да го усогласи со Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, особено во делот на:

- усогласување на записниците од извршен увид на лице место за настаната штета со податоците внесени во Елаборатот усвоен од Советот на Општина Охрид;

- усогласување/корегирање на позициите внесени во табела 5, табела 9, образец Ш-07 со позициите во поединечните записници;

- доставување на образец Ш-08, со просечни цени за процена на штети за сите позиции од табела 5, табела 9 и Образец Ш-07 и

- корегирање на цените и количините наведени во записниците согласно фактичката состојба констатирана со увидот на лице место и нивно усогласување со оние во табелите од Елаборатот.

2. Корегираниот Елаборат да биде доставен до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди во рок од 15 дена сметано од приемот на Заклучокот на Владата.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона „Штип“ Друштво за производство „Адиент сеатинг“ ДООЕЛ Штип (број 03-1709/1 од 9.8.2012 година) и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 7 дена да подготват целосна информација од различните аспекти на доделувањето на државната помош, со посебен осврт на правното согледување на последиците од таа одлука, со целосен преглед на досега доделената државна помош во претходните години.

2. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата да се произнесе со дефинитивен став во рок од 7 дена.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт-текст на Протокол и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протоколот помеѓу Владата на

Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Протоколот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Протоколот.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за контрибуција на Република Северна Македонија во довереителните фондови на НАТО во рамки на Иницијативата за градење и зајакнување на одбранбените и безбедносни капацитети (Defense and Related Security Capacity Building Initiative) и согласно Мислењето на Министерството за финансии ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи да издвои финансиски средства од буџетот за 2019 година, со износ од 1.240.000,00 денари за контрибуција во доверителните фондови на НАТО во рамки на иницијативата за градење и зајакнување на одбранбени и безбедносни капацитети (Defense and Related Security Capacity Building Initiative), со конкретна намена за потребите на воеността медицинско училиште во областа Таџи (Taji), кое се смета за една од локациите за изведување на почетни обуки во Ирак.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за контрибуција на Република Северна Македонија во Доверителниот фонд на НАТО за поддршка на Авганистанската национална армија (АНА) и согласно Мислењето на Министерството за финансии ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи да издвои финансиски средства од буџетот за 2019 година, во износ од 12.400.000,00 денари за контрибуција во Доверителниот фонд на НАТО за Авганистанската национална армија (АНА) во функција на поддршка на безбедносните сили и институции на Авганистан, со препорака во наредните три години (2020-2022 година) финансиските средства за учество во Доверителниот фонд за поддршка на Авганистанската национална армија (АНА), да се планираат во буџетот на Министерството за одбрана, како одраз на посветеноста на Владата покрај учество со сили во операциите на НАТО, да го продолжи учеството во доверителните фондови на НАТО, согласно заедничките заложби на Алијансата.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за ангажирање на странски експерти за поддршка на македонскиот дел на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања и согласно Мислењето на Министерството за финансии ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи да ги потпише договорите за ангажирање на проф. д-р Волфган Хепкен и проф. д-р Фалк Пингел.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи потребните финансиски средства во износ од 1.712.000 денари да ги обезбеди по пат на пренамена во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 26

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори, со усогласен текст на Договорот за намалување на цената на услугите за роаминг во мрежите за јавни мобилни комуникации во регионот на Западен Балкан (18.3.2019 година) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за намалување на цените на услугите за роаминг во мрежите за јавни мобилни комуникации во регионот на Западен Балкан

2. Го овласти Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Договорот за намалување на цените на услугите за роаминг во мрежите за јавни мобилни комуникации во регионот на Западен Балкан.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица „Идила Терзиева“ ул. 18, бр. 30, нас. Радишани-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година за наредната седница на Владата поради дополнителни усогласувања по истата.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „VIGOROUS WARRIOR 19", во Република Романија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата не ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" - Скопје.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Завод за нефрологија" - Струга, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, поднесен од група пратеници.

**Точка 34**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, поднесен од група пратеници.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Предлог-резолуцијата за промени и подобрување на положбата на Ромите во Република Северна Македонија, поднесена од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија-Министерство за труд и социјална политика ги реализира следните активности за подобрување на социјалната вклученост на Ромите во сите области согласно со Стратегијата за Ромите 2014 - 2020:

Инклузија на деца Роми во предучилишно образование

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе дванаесет години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки".

Во текот на учебната 2017-2018 година, во рамките на проектот опфатени се вкупно 510 деца во 19 градинки/општини.

Стратешкиот план и буџет за 2019 година испланира финансиски средства за понатамошна поддршка на вклучувањето на децата во градинките преку плаќањето на престојот на децата преку блок дотациите што се исплаќаат на општините. На овој начин вклучувањето на деца Роми во предучилишното образование од проектна активност се трансформира во системско решавање.

Ромски информативни центри

Од страна на ромските информативни центри, организирани се и одржани месечни средби во подрачните агенции за вработување за информирање на ромската заедница по однос на активните мерки за вработување, социјалната и здравствената заштита.

Во текот на 2018 и 2019 година, ромските информативни центри континиурано според своите планови работеа на поинтензивна комуникација со граѓаните за навремено информирање, советување упатување и давање логистичка поддршка на граѓаните во насока на остварување на нивните права и обврски од областите на социјалната заштита, вработување, здравство, домување и образование, вадење на лични документи.

Во тек е процесот на систематизација на работни места во центрите за социјална работа и вработување на лицата ангажирани во ромските информативни центри со што ќе се постигне долгорочно и ефективно влијание во процесот на информирање на ромските заедници. Годишните планови се одобрени од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и се планира до крајот на оваа година целиот процес да заврши со објавување на огласи и вработување на лицата ангажирани во ромските информативни центри и во Центрите за социјална работа.

Во текот на 2018 година од страна на ромските информативни центри дадени се вкупно 3271 услуги/поддршка од различен вид (од областа на социјалната заштита 1512 услуги, здравствената заштита 277 услуги, од областа на образованието 242, вработување 450, лична документација 277, домување 362, антидискриминација 7 и услуги по други прашања 144).

Акција за евиденција на лица во матична книга на родените

На 1 април 2018 година се објави Јавниот повик за пријавување на сите лица родени на територија на Република Северна Македонија кои не се евидентирани во матична книга на родени т.е немаат прв извод на родени, да дојдат во матичните служби или пак мобилните тимови на терен да ги идентификуваат/мапираат и регистрираат потребните расположливи податоци за овие лица.

Во период јули до почеток на ноември 2018 година, во сите општини мобилните тимови работеа на терен за пополнување на Прашалник за поефикасно идентификување на нерегистрираните лица во Матичната книга на родени. Тимовите беа составени од членови од Управата за водење на матични книги, центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, ромските информативни центри, ромски здравствени медијатори, патронажни сестри и невладини организации.

Од почетокот на објавување на огласот идентификувани се околу 650 лица за кои е пополнет прашалник и електронски се евидентирани во посебен Регистар.

Се подготвува текст на Нацрт-закон за регистрирање и регулирање на привремен статус на лицата без документи за лична идентификација. Законот е во фаза на разгледување од работните групи составени до ресорните министерства. Со овој закон се уредува начинот на регистрирање на лице без документи за лична идентификација и државјанство, евиденција на неговите лични податоци во посебен регистар, органот кој ги регистрира и евидентира личните податоци, видот на податоците, употребата на податоците, времето во кое во редовна судска постапка да се потврди нивната веродостојност или нивна промена и други прашања од значење за статусот и правата на вакво лице.

РОМАКТЕД програма

На 19 март 2018 година, започна официјалното имплементирање на РОМАКТЕД програмата со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министертвото за труд и социјална политика, Советот на Европа и Единиците на локалната самоуправа, односно 12 општини кои се вклучени во Програмата.

РОМАКТЕД програмата преку партиципатен пристап со учество на заедницата и локалните институции подржи подготовка на Локални акциски планови во општините Велес, Струмица, Кичево и Дебар.

Во текот на октомври - декември 2018 година, во 12 општини реализирани се следниве локални интервенции.

Остварени се 39 работни средби со локалните акциони групи за градење на капацитети за решавање на проблеми на заедницата, 15 средби со општинските работни групи за планирање

и спроведување на мерки, 36 заеднички средби помеѓу заедницата и општинската работна група заради подобрување на дијалогот и потикнување на заедничките иницијативи.

За 2019 година во соработка со заедницата и општинските работни групи подготвени се заеднички планови за следние општиите: Берово, Дебар, Кичево, Кочани, Тетово, Штип и Виница. Во буџетот на општина Тетово издвоени се осум милиони денари за поддршка и спроведување на заедничкиот Акциски план.

Јакнењето на капацитетите на институциите на локално ниво и на ромската заедница е од суштествена важност за интеграцијата на Ромите.

Мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале

За социјална инклузија на затекнатите лица под Кале ангажирани се ромски организации кои 12 часа дневно во две смени работаат со нив, подготвуваат индивидуални социјални планови за нивна интеграција на пазарот на труд, социјалната заштита, здравството, обезбедување на документи за лична идентификација и вклучување на децата во образовниот систем.

Во текот на октомври 2018 година, 14 семејства (90 лица од кои 32 возрасни и 58 деца) се дислоцирани од институциите во надлежност на Министерството за труд и социјална политика и сместени во привремените живеалишта во Визбегово. Привремените живеалишта се опремени со покуќнина и апарати од домаќинството. Сите 58 деца се веќе вклучени во соодветното ниво на образование и поседуваат лични документи. Се прават напори сите семејства да се вклучат во системот на социјална заштита.

Во ноември 2018 година, нови 18 семејства кои или над 110 лица (од кои 46-50 лица од нив се деца) се времено згрижени во Заводот за згрижување и воспитување и образование на деца Ранка Милановиќ.

Социјално мапирање

Министерството за труд и социјална политика од април 2018 година, започна со имплементација на нов проект за Социјално мапирање, финансиран од Европската комисија. Со овој проект ќе се направи мапирање на ромските населби со цел да се добијат квалитативни и квантитативни податоци на Ромите во делот на образованието, вработувањето, домувањето, здравството, социјалната инклузија, поседување на лична документација.

Активностите се спроведуваа во 3 фази и беа опфатени следниве 14 општини (Шуто Оризари, Прилеп, Куманово, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани, Кичево, Виница, Дебар, Велес, Кавадарци и Струмица).

Во првата фаза беа спроведени активностите: анализа на претходна методологија, подготовка на нова методологија (квалитативна и квантитативна) и тестирање на новите алатки. Во втората фаза се регрутираа анкетари и спроведувачи на фокус групи, тренинг на спроведувачите на мапирањето, прибирање на податоци и мониторинг, координација на теренските активности и внесување на податоци.

Во исто време Владата на Република Северна Македонија, ја поздравува Предлог-резолуцијата за промена и подобрување на положбата на Ромите во Република Северна Македонија подготвена од група пратеници и ја искажува спремноста за соработка во насока на подобрување на положбата на Ромската етничка заедница.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и притоа го утврди следново мислење:

Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија не содржи во прилог текст на Статутот на Комисијата од која причина не може да се оцени на какви изменувања и дополнувања се однесува Статутарната одлука.

Воедно, се укажува дека при усогласувањето на текстот на Статутот треба да се има во предвид и членот 7 од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19), според кој: Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) на овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

По однос на текстот на Статутарната одлука се укажува дека:

Во основот на Статутарната одлука треба да се наведе само член 185 од Законот за хартии од вредност.

Во називот на Статутарната одлука зборовите „и дополнување“ треба да изостанат од причина што се предлага само изменување на Статутот.

Во членот 1 ќе треба да се прецизира во кои одредби од основниот текст на Статутот зборовите „Република Македонија", односно „Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија" односно „Северна Македонија"

**Точка 37**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и притоа го утврди следново мислење:

Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија не содржи во прилог текст на Статутот на Комисијата од која причина не може да се оцени на какви изменувања и дополнувања се однесува Статутарната одлука.

Според членот 17 од Законот за употреба на јазиците сите закони, подзаконски акти, одлуки и огласи од институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон кои што се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија се објавуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо. Согласно наведеното се укажува дека во текстот на Статутот не се можни изменувања и дополнувања со додавање на преводи на називи на институции на јазикот што го зборуваат 20% од населението, односно измената може да се состои во тоа што ќе се укаже дека називот на институцијата покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо се пишува и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од населението и на англиски јазик.

Доколку се работи за акт што се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија истиот ќе биде преведен и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од населението.

Воедно, се укажува дека при усогласувањето на текстот на Статутот треба да се има во предвид и членот 7 од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19), според кој: Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) на овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

Владата на Република Северна Македонија воедно укажува дека е потребно и усогласување на името Република Македонија со Уставните амандмани XXXIII до XXXVI кои се влезени во сила.

## Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Снежана Геровска-Попчевска, судија во пензија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.115/2014) во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2013), како и за оценување на уставноста и законитоста на член 9 став 1 алинеја 11 од Правилникот за овластување за овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Од наводите во Иницијативата произлегува дека подносителот на истата смета дека со оспорените одредба на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/14) во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13), како и на член 9 став 1 алинеја 11 од Правилникот за овластување за овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија" бр.95/15) според кои овластувањето за овластен геодет се одзема ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство, пропишани со закон, при што се воведува ретроактивно важење на законот со што се внесува правна несигурност во правниот промет и несигурност во стекнатите права на граѓанинот кој еднаш стекнал овластување како свое право.

При тоа, подносителот на Инцијативата смета дека оваа измена на Законот за катастар на недвижности не е поповолна за граѓанинот, бидејќи задира во веќе стекнати права во вид на издадено и потврдено овластување за овластен геодет, што претпоставува дека ги исполнувал условите за стекнување на овластувањето во постапка спроведена од надлежен орган (Агенцијата за катастар на недвижности) согласно закон.

На овој начин, подносителот на Инцијативата смета дека граѓанинот би се нашол во крајно неповолна ситуација кога еднаш признатото право повторно би било предмет на оцена и би било оспорувано во подоцнежна постапка, при што доведува до правна несигурност и волунтаризам на органот надлежен да одлучува за неговото право, без да постои било какво негативно поведување на барателот, кое поведение евентуално би било основ за одземање на овластувањето согласно член 112 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од Законот за катастар на недвижности.

Оттука, подносителот на Иницијативата смета дека Законот би можел да се применува на оние лица кои би стекнале овластување по влегувањето во сила на Законот, а не и за овие кои стекнале овластување пред влегувањето во сила на овие измени на Законот.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја прифати поднесената иницијатива, да донесе решение за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/14), во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13), како и на член 9 став 1 алинеја 11 од Правилникот за овластување на овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија" бр.95/15) и истите да ги поништи или укине како спротивни на членот 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а според став 2 од овој член, секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно член 13 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.115/14), во членот 112 став (1) во алинејата 10 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и" и се додава нова алинеја 11, која гласи:

„- ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство, пропишани со закон."

Согласно член 112 став (1) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), овластувањето за овластен геодет се одзема, ако:

- овластениот геодет во извршувањето на геодетските работи не постапува согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка,

- геодетските елаборати изготвени во писмена форма своерачно не ги потпишува,

- геодетските елаборати изготвени во електронска форма не ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач,

- не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи само за намената за која се издадени,

- му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,

- овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност,

- овластениот геодет во рокот определен во членот 109 став (3) од овој закон не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет,

- изготвува геодетски елаборати без претходно извршен премер и увид на недвижностите на самото место,

- не посетува континуирана обука од областа на геодетските работи,

- овластениот геодет кој не е вработен кај трговец поединец овластен геодет, односно кај трговско друштво за геодетски работи се утврди дека извршува геодетски работи за трговците поединци овластени геодети, односно за трговските друштва за геодетски работи и

- ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство, пропишани со закон.

Според член 9 став (1) алинеја 11 од Правилникот за овластување за овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија" бр.95/15), овластувањето за овластен геодет се одзема ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство пропишани со закон.

Оттука, по однос на оспорената одредба на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/14) во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13), се укажува дека со истата не се повредува одредбата на членот 54 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, односно со истата не е пропишано повратно дејство односно ретроактивно дејство со оглед дека овластувањето на овластениот геодет би можело да му биде одземено само доколку истиот не ги исполнувал условите за полагање на испитот за стекнување на овластување за овластен геодет по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство, пропишани со закон и тоа: да е државјанин на Република Македонија; да има завршен VII/1 степен студии по геодезија или да има стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) од областа на геодезијата и да има најмалку две години работно искуство на геодетски работи по стекнување на потребното образование.

Воедно, се укажува дека на овој начин законодавецот имал за цел да ја зголеми контролата над исполнувањето на условите за стекнувањето на овластување за овластен геодет, имајќи во предвид дека истиот врши геодетски работи согласно законот кои се работи од јавен интерес.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорената одредба на член 13 став 2 алинеја 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/14) во врска со член 112 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13) е во согласност со членот 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована.

**<u>Точка 39</u>**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Ресен на КП бр.5709/1 викано место/улица Ѓупски Рид, доставена од нотар Мексуд Максуд од Ресен и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 40</u>**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.96914 за КО Центар 1 на КП 5959, викано место/улица „А.Станиќ", доставена од нотар Нерџиван Идризи од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 41</u>**

**1.** Владата го одложи од разгледување Предлог-одлуката за дополнување на одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија ( за директорот Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија).

Истовремено, Владата ја задолжи Комисијата за именување при Владата на Република Северна Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави целосен преглед на институции во кои Владата именува функционери, а на кои им се утврдува коефициент за пресметување на плата (согласно Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија).

**2.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ), од должноста член на Управниот одбор на друштвото да го отповика Климент Чепуњоски.

## Точка 42

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за измена на заклучоци по Информацијата за Предлог-мерки за уредување на имотно-правен однос со засегнатите деловни банки за имот од поранешен Завод за платен промет во Струга, донесени на 120-та седница на Владата, одржана на 12 февруари 2019 година (точка 13), го прифати Барањето и заклучи во целиот на текст на Извадокот од Нацрт - записникот, наместо „КП.бр.477/1", да стои „КП.бр.447/1".

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 11 март 2019 година до 17 март 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија."

**3.** Владата по Барањето од Министерството за локална самоуправа за промена на заклучоци, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 април 2019 година, до Владата да достави Информација со предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Информација со предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините (согласно Заклучок донесен на 80-та седница на Владата, одржана на 17.7.2018 година).

2) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 јуни 2019 година, до Владата да достави Информација за статусот на активностите на Проектниот комитет во областа на противпожарната заштита, како и за преземените мерки за надминување на проблемите во наведената област.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Информација за статусот на активностите на Проектниот комитет во областа на противпожарната заштита, како и за преземените мерки за надминување на проблемите во наведената област, (согласно Заклучок донесен на 78-та седница на Владата, одржана на 10.7.2018 година).

3) Да престане да важи Заклучокот донесен на 98-та седница на Владата, одржана на 3.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со извршена проверка на законите кои не се

усогласени со Законот за прекршоци, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 27.3.2017 година.

4) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со преземените активности за воспоставување на системот за следење на функционалноста на општините, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 30.10.2017 година.

5) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација за реализација на проектот „Обуки на општинската администрација за интегрирано планирање на развојот", евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 3.12.2018 година.

6) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со степенот на реализација на проектот „Воспоставување на мрежи за регионален развој", евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 25.12.2017 и 24.12.2018 година.

7) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 јуни 2019 година, до Владата да достави Информација за спроведеното истражување на постоечките месни заедници во Република Северна Македонија.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Информација за спроведеното истражување на постоечките месни заедници во Република Македонија, евидентиран во системот е-Влада, со рок за доставување 29.10.2018 година (согласно Заклучок донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година).

8) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 15 ноември 2019 година, до Владата да достави Информација за спроведување на проектот „Избор на најдобра општинска веб страна" (во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој").

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Информација за спроведување на проектот „Избор на најдобра општинска веб страна", евидентиран во системот е-Влада, со рок за доставување 26.11.2018 година (согласно Заклучок донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година).

9) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со спроведената анализа со компаративни

искуства од земјите од соседството и земјите од Европската Унија за задолжителна меѓуопштинска соработка, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 27.8.2018 година.

10) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 ноември 2019 година, до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување 29.10.2018 година (согласно Заклучок донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година).

11) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација до Владата во врска со спроведување на проектот „Развој и поддршка на руралниот туризам", евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 4.12.2017 и 3.12.2018 година.

12) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Предлог-програма за поддршка на меѓуопштинската соработка до Владата, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 25.2.2019 година.

13) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација за спроведувањето на менторинг програми за вработените во центрите за развој на планските региони, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 29.1.2018 година.

14) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со спроведувањето на изборот за најиновативен регионален проект до Владата, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 4.12.2017 и 3.12.2018 година.

15) Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 ноември 2019 година, до Владата да достави Информација во врска со статусот на реализација на регионалните стратегии на имплементација.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за локална самоуправа за доставување Информација во врска со статусот на реализација на регионалните стратегии на

имплементација, евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 18.12.2017 година (согласно Заклучок донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година).

16) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со проектот „Грантова шема за регионален развој и постигнатите резултати", евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 5.3.2018 година.

17) Да престане да важи Заклучокот донесен на 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под точката Прашања и предлози, согласно кој Министерството за локална самоуправа е задолжено да достави Информација во врска со статусот на спроведување на проектот „Партиципативно и транспарентно локално владеење", евидентиран во системот е-Влада, со рок за постапување до 25.12.2017 година.

**4.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог- законот за класифицирани информации, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.45-662/1 од 7.2.2019 година.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за транспарентност, отчетност и комуникации, во рок од 30 дена да формира работна група за подготовка на стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а им се укажува на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 15 дена да достават номинации за членови во работната група за подготовка на стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност да ги координира понатамошните активности за изработка на стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија и за истото да достави информација до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со октомври 2019 година.

**6.** Владата заклучи Барањето на Оперативно-техничката агенција (ОТА) за имплементација на софтвер за сметководствена евиденција и пресметка на плата од Службата за општи и

заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**7.** По повод Заклучокот донесен на Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2019 година, а во врска со Информацијата за БРЕГЗИТ и влијанието на македонската економија со Предлог-мерки и листа на извозници, со кој Министерството за економија се задолжува во соработка со Министерството за финансии и Царинската управа, да достави предлог-одлука за воведување на автономни мерки, Владата заклучи на 22 март 2019 година (петок) Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да организира координативен состанок на таа тема со претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии и Царинската управа.

**Точка 43**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври-декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје, за периодот октомври - декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"- Скопје за период октомври - декември 2018 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули - декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период 1.7.2018-31.12.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Втората седница на Мешовитиот комитет по билатералниот Договор за економска и индустриска соработка во примена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за успешно спроведена постапка за стратегиската оценка на животната средина за Националната транспортна стратегија 2018-2030, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот и спроведување на Програмата за реформи на единиците на локална самоуправа во областа животна средина, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности за деца на улица, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка за продолжување на тековните услуги за одржување на Eurodomain Connection for TAP ID No. 333 (Testa-ng) и барањето за корекција на согласноста за склучување на повеќегодишен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение за започнување на повеќегодишна јавна набавка „Продолжување на тековните услуги за одржување на Eurodomain Connection for TAP ID No. 333 (Testa-ng)“.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да започне активности за реализација на јавна набавка „Продолжување на тековните услуги за одржување на Eurodomain Connection for TAP ID No. 333 (Testa-ng)", каде плаќањето е планирано да биде реализирано во две години, односно за 2019 во износ од 2.976.000,00 денари, средства кои се

одобрени во буџетот на Министерството за 2019 година и за 2020 година износ од 744.000,00 денари, средства кои ќе бидат планирани во Предлог-буџетското барање за 2020 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за барање за упатување на предметот Х против Република Северна Македонија, А.бр.29683/16 до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права, ја усвои и заклучи да не поднесе барање за упатување на пресудата од 17.1.2019 година на Европскиот суд за човекови права во случајот Х против Република Северна Македонија, А.бр.29683/16 на преиспитување до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Кочо Анѓушев